# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА ИНТЕРНА РЕВИЗИЈА НА МКТ ЗА 2015 ГОДИНА

16 март 2016 година

LIFE IS FOR SHARING.

# ПРЕГЛЕД

**Цел на извештајот**

Во согласност со Законот за трговски друштва на Македонија, Секторот за интерна ревизија е обврзан да подготвува годишен Извештај за работењето.

**Во 2015 година беа спроведени 9 ревизии**

според категориите на Системот за интерна контрола:

- оперативни активности: 6 ревизии
- усогласеност: 2 ревизии
- финансии: 1 ревизија

**Беа утврдени 29 мерки**

- 13 мерки се реализирани до 31.12.2015 година
- Преостанатите мерки ќе бидат имплементирани најдоцна до 31.12.2016 година.

Со реализацијата на мерките ќе се подобри ефикасноста и ефективноста на интерните контроли и деловните процеси на кои е извршена ревизија.

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2015 ГОДИНА
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ (1/3)

### Договори за реемитување

**Предмет**
Да се ревидира процесот за регистрација на каналите коишто се реемитуваат, да се идентификуваат одговорностите и да се направи анализа на причината за предупредувањата од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги добиени во декември 2014 година.

**Наод**
Недостасува интерен процес и контролни точки. Нема јасна поделба на задолженијата.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Беше реализирана една дефинирана мерка.

### Испад на мобилната мрежа

**Предмет**
Да се ревидира процесот на активности за превентивно одржување и да се проверат причините за прекинот на мобилните и податочните услуги на 10 декември, 2014 година.

**Наод**
Прекинот бил предизвикан од неисправни батерии. Одржувањето на системите за напојување со електрична енергија не е на соодветно ниво.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**
Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**
Сите 6 дефинирани мерки се реализирани.

[1] Систем за интерна контрола

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2015 ГОДИНА
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ (2/3)

### Безбедност на услуги и производи - Управување со закрпи

**Предмет**

Да се оцени дизајнот и оперативната ефективност на контролите за управување со закрпи во рамките на процесот за сајбер безбедност.

**Наод**

Утврдена е улога на сопственик на системот, потребно е подобрување на транспарентноста и свесноста. Процес за управување со закрпи постои, но истиот треба да се формализира и доследно да се спроведува.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Од 5 дефинирани мерки, 4 се реализирани. Едната преостаната мерка е во тек и треба да биде реализирана до 30.06.2016 година.

### Управување со конфигурации на системи

**Предмет**

Да се оцени дизајнот и оперативната ефективност на контролите за управување со конфигурации во рамките на процесот за сајбер безбедност.

**Наод**

Податоците за конфигурации се на повеќе места, квалитетот на податоците не е конзистентен. Нема консолидирана база на податоци за управување со конфигурации.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Утврдените 2 мерки треба да бидат реализирани до 30.06.2016 година.

[1] Систем за интерна контрола

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2015 ГОДИНА
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ (3/3)

### Ефективност на процесите во област за ЧР [2]

**Предмет**

Да се оцени дали процесите во областа за човечки ресурси се едноставни, транспарентни и ефективни.

**Наод**

Извршена е ревизија на два процеси: (1) Пополнување на слободни работни места: процедурата е неефикасна и нејасна, и (2) Обука: одобрувањето е автоматизирано, но потребно е подобрување.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Дефинираните 5 мерки треба да бидат реализирани до 30.06.2016 година.

### Квалитет на мобилната мрежа

**Предмет**

Да се проверат причините за намалениот квалитет на мрежата и зголемениот број на приговори од корисниците. Да се анализираат мерките за подобрување, преземените активности и резултатите.

**Наод**

Оптимизацијата на мобилната мрежа е во фокус и проектите се во тек. Потребно е подетално следење на клучните појказатели на извршувањето на работата и проектите.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Дефинираните 7 мерки треба да бидат реализирани до 31.12.2016 година.

[1] Систем за интерна контрола
[2] човечки ресурси

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2015 ГОДИНА
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: УСОГЛАСЕНОСТ (1/1)

### Систем за интерни контроли - Принципи

**Предмет**

Да се потврди соодветноста на дизајнот и оперативната ефективност на барањата на СИК[1].

**Наод**

Беа тестирани 33 барања за МКТ и 33 барања за ТММК[2] и истите беа оценети како „ефикасни“.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Оперативната ефективност на контролите е соодветна.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Не се утврдени мерки.

### Систем за интерни контроли - Контроли на ниво на трансакција

**Предмет**

Да се потврди соодветноста на дизајнот и оперативната ефективност на контролите на ниво на трансакција на Системот за интерни контроли.

**Наод**

Сите14 тестирани контроли беа оценети како ефективни. За две од нив има препораки за подобрување.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Оперативната ефективност на контролите е соодветна.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Не се утврдени мерки.

[1] Систем за интерна контрола
{2} Ревизијата беше спроведена пред правното спојување на МКТ и ТММК.

# ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2015 ГОДИНА
## КАТЕГОРИЈА ОД СИК[1]: ФИНАНСИИ (1/1)

### Следење на деловните студии

**Предмет**

Да се оцени транспарентноста и ефективноста на процесот за подготовка, управување и следење на деловни студии (CAPEX и маркетинг инцијативи).

**Наод**

Не се дефинирани сензитивна анализа и критериуми за излез од CAPEX инвестиции. Нема упатство за следење на резултатите од предлозите за продукти.

**Проценка на адекватноста и ефикасноста на системите за интерна контрола**

Со реализација на мерките ќе се зајакнат интерните контроли.

**Предложени мерки и проценка на нивната реализација**

Од 3 дефинирани мерки, 2 се спроведени. Едната преостаната мерка е во тек и треба да биде реализирана до 30.06.2016 година.

[1] Систем за интерна контрола